*Горан ЗЕНДЕЛОВСКИ*
*Александар ПАВЛЕСКИ*

**УДК: 355.45-044.372:341.171(4-672ЕУ)**
Изворен научен труд

**БЕЗБЕДНОСНИ ИМПЛИКАЦИИ ОД БРЕГЗИТ**

***Кратка содржина***

*Изминатата деценија Европската Унија се соочи со бројни превирања и кризи кои директно влијаеја на нејзината стабилност и благосостојба. Почнувајќи од конфликтите во Африка, економските кризи, неизвесноста околу партнерствата и проширувањата, стабилноста на земјите од Западен Балкан, терористичките напади во европските градови, сѐ до мигрантските и бегалските кризи. Овие комплексни настани, доведоа до тензичност и поделеност во рамките на Унијата, пораст на популистичките партии против ЕУ, а кулминираше со одлуката на Обединетото Кралство да ја напушти Унијата. Во изминатите години Европа важеше за најразвиениот облик на регионална интеграција на политички, економски и безбедносен план, но настаните околу Брегзит го ставија под сомнеж единството и постоењето на Унијата. Овој историски преседан може да има домино-ефект и кај останатите земји-членки на ЕУ и да го смени правецот на државите кон европската безбедност и одбрана. Во трудот ќе се анализираат загубите и придобивките на Велика Британија од членството во Унијата, како и актуелните и идните односи на Британија со Европа и светот и можните импликации врз надворешната и безбедносната политика на Европската Унија.*

***Клучни зборови***: *ЕУ, БРЕГЗИТ, ИНТЕГРАЦИЈА И ДЕЗИНТЕГРАЦИЈА, БЕЗБЕДНОСНИ ИМПЛИКАЦИИ.*

## Вовед

Одлуката на граѓаните на Обединетото Кралство да ја напуштат Европската Унија предизвика остри реакции во земјата и во светот. На референдумот во јуни 2016 година 52% од вкупното гласачко тело на Британија (Англија, Шкотска, Велс и Северна Ирска) се изјасниле дека сакаат да ја напуштат Унијата, а 48% одлучиле таа да остане во ЕУ (Hunt and Wheeler, 2018). На национално ниво резултатите од референдумот биле поделени, при што Англичаните и Велшаните се изјасниле за Брегзит (излез од ЕУ), додека гласачите на Шкотска и Северна Ирска одлучиле Обединетото Кралство да остане во рамките на Унијата. Според овие резултати, се забележува дека различни нации имале различни приоритети што остава простор за сомнеж и тензии околу иднината на земјата.

За едни, напуштањето на ЕУ преставувало пресвртна точка за односите помеѓу Британија и Европа, намалување на политичката, економската и воената моќ

во земјата и надвор, како и можност за тензии и поделеност помеѓу нациите во рамките на Обединетото Кралство (Reeve and Street, 2016). Но, за други Брегзит се поврзува со зголемен меѓународен ангажман, лидерство и можност за навраќање кон историските корени поврзани со терминот *Pax Britannica* кој се однесува на моќта на Британија во текот на 19 век како глобален хегемон со изразена поморска супериорност (International Encyclopedia of the Social Sciences, 2018).

Односите на Британија со Европската Унија имаат долга историја на траење со мошне изразени турбуленции и преседани. Пред повеќе од половина век желбата на Британија да се приклучи кон Европската економска заедница (ЕЕЗ) била оневозможена од ветата на Франција во 1963 и во 1967 година. Според поранешниот француски претседател Де Гол, Британија преставувала фундаментално различен тип држава од оние што биле вклучени во Европската заедница. Овие настани предизвикале чувство на немоќ и изолација на Британија од Европа, сѐ до 1973 година кога заедно со Р. Ирска станале полноправни членки на ЕЕЗ. Подоцна со доаѓањето на Конзервативната партија на власт на чело со Маргарет Тачер, се зголемиле сомнежите околу европската супердржава. За неа Европската заедница претставувала непотребен и ирационален проект, а повеќето од проблемите со кои се соочувал светот потекнувале од континентална Европа, а решенијата на тие проблеми биле надвор од неа. Нејзините ставови биле евроскептични и сметала дека доколку Британија биде дел од европската супердржава, ќе се смета за политичка грешка од историска големина. Таа констатирала дека сѐ уште Британија имала време да избере поинаква и подобра насока за дејствување, а се однесува на следново: (1) Британија требало фундаментално да ги преиспита своите односи со ЕУ и повторно да преговара со цел да ги осигури националните интереси и суверенитетот; (2) Британија не треба да отфрла ниту еден систем кој ги опфаќа целите на земјата; (3) НАФТА е најдобрата опција кон која можела да се приклучи земјата, но не биле исклучени и другите спогодби за слободна трговија; и (4) интересите на земјата да бидат насочени глобално и да се размислува во глобален контекст, а не ограничено во рамките на тесната Европа (Thatcher, 2002).

Се забележува дека уште во периодот на Маргарет Тачер (од 1979 до 1990 г.) се размислувало за еднострано повлекување на Обединетото Кралство од членството во ЕУ. Ова укажува на тоа дека тачеризмот имал длабока идеолошка основа и се пресликал врз актуелната политичка сцена, каде што новата конзервативна лидерка и премиерка на Британија Тереза Меј покажа „челична волја" за излез од политичкиот хаос и преговорите кои се од историско значење за земјата. Природата на конзерватизмот како политичка филозофија се однесува на зачувување на традицијата и она што го смета за најдобро во едно политичко општество и се спротивставува на радикалните промени (McLean,1996).

Меѓутоа, по 43 години членство во Унијата кое е базирано на заемни договори и спогодби што покриваат илјадници различни области, го отежнува процесот за излез на Британија од ЕУ. Прв пат со Договорот од Лисабон се воведени процедурата и правото за доброволно повлекување на земја-членка од ЕУ. Според член 50

од Договорот, се овозможува Унијата и земјата која се повлекува од членството во рок од две години да дојдат до заеднички договор и да ги дефинираат идните меѓусебни односи (Article 50, 2016). Според досегашните преговори, Британија би требало официјално да ја напушти Унијата на 29 март 2019 година.

Досега двете страни постигнаа договор за следниве три области за „развод", а тоа се: (а) заштита на правата на граѓаните на ОК кои живеат во рамките на ЕУ и на граѓаните на ЕУ кои живеат во Велика Британија; (б) рамка за решавање на уникатната состојба во Северна Ирска и (в) финансиско порамнување (Joint report from the negotiators of the European Union and the United Kingdom Government, 2017). Очигледно е дека станува збор за мошне долгорочен и комплексен процес. Иако допрва треба да се прецизираат и односите по Брегзит за кои е потребно одобрување од 30-ина национални и регионални парламенти низ цела Европа, при што постои можност да се надмине временската рамка за повлекување од Унијата.

**Безбедносните предизвици на Обединетото Кралство по Брегзит**

Јавното мислење и дебатите за Брегзит беа фокусирани на политичките и економските аспекти, а прашањата поврзани со безбедноста и одбраната беа маргинализирани. Парадоксот е во тоа што токму кампањата за Брегзит се базираше на безбедносните проблеми, поврзани со имиграцијата (легална и нелегална) како можна закана за националната безбедност и враќањето на суверенитетот од меѓународните институции. Досегашните преговори беа насочени кон редуцирање на бројот на имигрантите, иако Обединетото Кралство не припаѓа на Шенген-зоната, што значи дека самостојно одлучува за контролата на границите и луѓето. Од таканаречените „четири слободи" (слободно движење на луѓето, добрата, услугите и капиталот), најмногу ги загрижуваат прашањата за трговијата и миграцијата, бидејќи на годишно ниво над 200 милиони луѓе и меѓународна трговија со вредност од 800 милијарди евра ги преминуваат британските граници (National Security Strategy and Strategic Defence and Security Review, 2015).

Според анализите и видувањата, резултатите од референдумот за Брегзит негативно се одразија врз општествената кохезија во земјата и пошироко. Евроскептицизмот и антиимигрантската реторика придонесоа за појава на ксенофобија, национализам, расизам и други форми на насилство од страна на екстремни групи. Најранливи групи беа мигрантите, бегалците и етничките малцинства (Veness, et al., 2016), а тоа го потврдуваат полициските извештаи, според кои за една година (по референдумот) бројот на криминални дела од омраза се зголемил за околу 30 % (Dearden, 2017). Исто така, терористичките напади во Манчестер и во Лондон во 2017 година укажуваат на тоа дека Брегзит имал сериозни последици врз стабилноста и безбедноста на земјата.

Еден од главните приоритети на секоја земја е да ја зачува безбедноста и територијалниот интегритет и суверенитет. Но, одлуката на ОК да ја напушти ЕУ доведе до редица внатрешни безбедносни ризици кои би можеле да имаат сериоз-

ни последици и врз надворешната и одбранбената политика на Обединетото Кралство. Се должи на тоа што секоја земја која е дел од Обединетото Кралство има целосна сувереност над уредувањето на своите политики. На пример, гласачите на Шкотска и Северна Ирска на референдумот се изјасниле дека посакуваат да останат во рамките на Европската Унија. Иако на историското гласање за независност во 2014 година, Шкотите се определиле да останат во Обединетото Кралство, но по Брегзит, работите би можеле да одат во обратна насока. Со тоа што тие би инсистирале на референдум за самостојна држава и така да продолжат како земја-членка на Унијата. Истото тоа се однесува и за Северна Ирска, која покрај прашањето за отцепување од Обединетото Кралство, ќе инсистира и на референдум за реунификација или обединување со Р. Ирска, која е членка на ЕУ од 1973 година. Доколку тие не се обединат, двата дела на Ирска (Р. Ирска и С. Ирска) би се нашле на спротивни страни од границата на Унијата (Reeve and Street, 2016).

Овие сензитивни прашања на дезинтеграција и интеграција ќе преставуваат опасност за иднината и унитарноста на островската земја. Токму од овие процеси ќе зависи и статусот на британските нуклеарни вооружени сили кои се сместени во поморските бази на територијата на Шкотска (BBC News, 2017). Како во минатото така и денес, Шкотската национална партија се стреми кон независност на земјата и настојува да се дислоцираат британските нуклеарни подморници од Шкотска, а воедно е и против тоа независна Шкотска да биде членка на НАТО-алијансата. Меѓудругото, јавноста е загрижена и за статусот на Ирците кои служат во вооружените сили на Обединетото Кралство, што би можело да има сериозни импликации врз опременоста, структурирањето и способноста за распоредување на британските вооружени сили во земјата и надвор од нејзините граници. Покрај тоа, сѐ уште постои заканата од тероризам од страна на насилни дисиденти со потекло од Северна Ирска што би можело дополнително да влијае врз стабилноста и просперитетот на Северна Ирска и на Велика Британија.

Овие безбедносни ризици и промени во опкружувањето не беа земени предвид од страна на планерите на безбедносните и одбранбените политики на ЕУ и на Обединетото Кралство. Проблемот е во тоа што Стратегијата за национална безбедност на Обединетото Кралство беше донесена во ноември 2015 година, а Европската безбедносна стратегија во јуни 2016 година, кога се одржа и референдумот за излез на Британија од Унијата. Тоа значи дека настаните околу Брегзит не биле испланирани ниту од двете страни, поради тоа овие релативно нови стратегиски документи ќе мора да се ажурираат и да ги опфатат прашањата за настаните по Брегзит кои се однесуваат на единството на земјата, партнерствата, можната промена на границите, меѓународниот ангажман, намалените ресурси, безбедноста и одбраната.

Според стратегијата, национални безбедносни цели на Британија се: (а) заштита на граѓаните – дома и во странство, заштита на територијата, економската безбедност, инфраструктурата и начинот на живеење; (б) проекција на глобалното влијание на Британија – намалување на заканите кои ги загрозуваат националните

интереси, и интересите на сојузниците и партнерите; (в) промовирање на просперитетот преку можности, иновации и поддршка на својата индустрија.

Во стратегискиот документ се посочени и предизвиците кои, најверојатно, ќе ги предводат безбедносните приоритети на Британија за следната деценија, а тоа се: (1) зголемената закана од тероризам, екстремизам и нестабилност; (2) повторно оживување на заканите од страна на државите и интензивирање на конкуренцијата помеѓу државите; (3) влијанието на технологијата, особено на сајбер-заканите, како и технолошките достигнувања; и (4) ерозијата на меѓународниот поредок, што го отежнува градењето консензус и справувањето со глобалните закани (National Security Strategy and Strategic Defence and Security Review, 2015).

## Обединетото Кралство како глобален играч - конкурент или партнер

Велика Британија има уникатна положба која ѝ дава можност да биде важен актер во меѓународните односи. Ниту една земја во светот нема таква геостратегиска позиција која ѝ овозможува слобода за дејствување. Таа лежи меѓу три поврзани круга – оној со државната заедница, англоамериканската врска и Европа. Поради тоа, нејзините интереси се насочени глобално, а не само кон европскиот континент. Обединетото Кралство е член на неколку меѓународни организации, како што се Советот за безбедност на ООН, НАТО, Г-7, Г-20, Комонвелтот, Светска банка, ММФ, СТО и ОБСЕ. Досега државата учествувала во формирањето на сојузништва и партнерства со многу земји од светот во повеќе области (Irwin, 2015).

Се поставува прашањето дали Обединетото Кралство ќе има помалку влијание во Европа и светот или пак ќе изгради нови сојузништва преку кои би имало поголема улога и моќ? Секако, постојат стратегиски калкулации, но, генерално, Брегзит ги ослаби позициите истовремено на Британија и на Европската Унија. Логично е последиците за Британија да бидат поголеми, затоа што го напушти членството од една од најголемите трговски организации во светот. Според Европската комисија, Брегзит ќе го чини Обединетото Кралство околу 60 милијарди евра (Barker, 2017).

Поради тоа, државата е принудена да бара алтернативни патишта за приклучување кон нови алијанси и партнерства. Гледано низ призма на меката и тврдата моќ во меѓународните односи, Велика Британија ги има следниве предности. Таа е водечка земја во светот според меката моќ, со која ги промовира британските вредности и интереси, а се однесува на глобалното влијание на англискиот јазик и култура (преку Британскиот совет), распространетата дипломатска служба во 85% од земјите во светот и мисии во неколку мултилатерални организации, мас-медиумите (како што е Би Би Си) и научно-технолошкиот развој. Исто така, таа е втор најголем извор на финансирање за развој во светот, која троши 0.7 % од БДП за развојна помош. Додека, според Светска банка, земјата е петта економска сила во светот (National Security Strategy and Strategic Defence and Security Review, 2015). Понатаму, таа е на петата позиција во светот според годишниот буџет за одбрана кој из-

несува 52.5 милијарди долари и е меѓу првите пет земји-членки на НАТО што ги исполнуваат критериумите од 2% од БДП за потребите на одбраната (UK Defence in Numbers, 2017).

Гледано од политички, економско-социјален и безбедносно-воен аспект, Велика Британија е една од трите најважни и најмоќни земји-членки на Унијата. На пример, во европскиот буџет за одбрана учествувала со дури 21.4 % (SIPRI, 2011) и сè уште претставува најмоќна воена сила на Унијата. Сметаме дека Брегзит ќе го намали кредибилитетот на ЕУ во глобални рамки, особено во делот на заедничката надворешна и безбедносна политика. Воедно ќе ја оневозможи европската безбедносна компактност и стратегиската автономност на Унијата во меѓународните односи.

Кога станува збор за тврдата моќ и заемните односи, постојат дилеми околу тоа дали тие ќе бидат меѓусебни конкуренти или партнери на глобалната сцена. Во минатото, Големата тројка - Франција, Германија и Обединетото Кралство одлучувале меѓусебе за следните правци на развој на ЕУ, држејќи ги на страна останатите земји- членки. Големата тројка е таа која влијаела на заедничката надворешна и безбедносна политика, учествувала во градењето на европската одбрана и Концептот за борбените групи на ЕУ (Lehne, 2012).

Декларацијата од Сент–Мало била првиот официјален документ помеѓу Франција и Обединетото Кралство за европската одбрана и создавањето кредибилни вооружени сили за автономна акција (Гоцевски, Бакрески и Славески, 2007). Додека во Лондон (2010 г.), Обединетото Кралство и Франција потпишале Договор за билатерална соработка во областа на одбраната и безбедноста. Предноста е во тоа што и двете земји се постојани членки во Советот за безбедност на ООН и единствени европски нуклеарни сили, а буџетите за одбрана на овие земји заеднички сочинуваат околу 50% од вкупните одбранбени трошоци на земјите - членки на Унијата (Ministry of Defence, 2015).

Оттука, се претпоставува дека Брегзит нема да влијае врз билатералните договори помеѓу Франција и Британија, бидејќи формално и не се поврзани со политиките на Европската Унија. Но, од друга страна, Франција и Германија се почувствувале изневерено од одлуката на Обединетото Кралство, па затоа се насочиле кон зајакнување на заедничките безбедносни и одбранбени капацитети. Во 2016 година одлучиле да ја зајакнат европската безбедносна компакност со донесување заеднички документ со наслов „Силна Европа во светот на неизвесности“ (Ayrault and Steinmeier, 2016). Ова е можност за Франција како единствена конкурентна европска сила на Британија да ја преземе главната улога во безбедносно-воената сфера на ЕУ.

Постои веројатност да се зголемат тензиите помеѓу овие земји во рамките на НАТО. Како втора најмоќна сила на Алијансата, Британија ќе биде принудена да се соочи со француско-германскиот столб на Алијансата, но и со одделни земји кои партиципираат во НАТО и во ЕУ. Меѓутоа, Британија отсекогаш била поблизок стратегиски партнер на САД во сферата на безбедноста, одбраната и надворешната политика отколку на Унијата. Па оттука, би можело американско-британското партнер-

ство да биде силна конкуренција на европските држави. Во минатото, Британија учествувала речиси во сите мисии за зачувување на мирот и меѓународната безбедност, во Ирак, Авганистан, Либија, Сирија и др. Како резултат на традицијата и заемните интереси со САД, логично е британските вооружени сили во иднина да бидат под национална команда или под команда на НАТО, но не и под европска команда.

Со цел да ги надминат тензиите поради Брегзит, НАТО и ЕУ решиле да го зајакнат евроатлантското стратегиско партнерство. Како резултат на тоа, тие во Варшава (2016 г.) ја потпишале заедничката декларација која се однесува на ефективната употреба на ресурсите и на двете организации за справување со идните предизвици и закани (EU-NATO joint declaration, 2016).

Покрај членството во НАТО, Британија има и други уникатни можности за дејствување на глобалната сцена. Земјата има околу 5 милиони Британци кои живеат во странство и располага со 14 прекуокеански територии кои се во постојана (уставна) врска со матичната земја. Предноста во однос на европските земји е тоа што таа е лидер во Комонвелтот (поранешен Британски комонвелт), во кој се вклучени 53 држави од целиот свет, и заедно сочинуваат 1/3 од светската популација. Ова светско партнерство ѝ овозможува на Британија да изгради силни релации во областа на безбедноста, одбраната и трговијата со држави како што се Канада, Австралија и Нов Зеланд и со одредени поранешни британски колонии како што е Индија (The Commonwealth, 2018).

Меѓудругото, Обединетото Кралство е првата поголема земја од Западот која одлучила да ѝ се приклучи на Азиската инфраструктурна инвестициона банка, што ѝ овозможува да гради силни врски со азиските земји од Кина до Индонезија. Моментално, Британија е една од најпопуларните дестинации за кинеските инвестиции во Европа (National Security Strategy and Strategic Defence and Security Review, 2015).

Од претходното може да констатираме дека Обединетото Кралство нема да биде сама и изолирана земја во меѓународните односи. Напротив, има огромни национални капацитети и редица можности за билатерална и мултилатерална соработка со нови стратегиски партнери од Азија и од светот. Па оттука, мислењето е дека Брегзит не би требало да се одрази на партнерството со водечките меѓународни актери. Едно од оптимистичките сценарија е дека државата ќе биде „ослободена од стегите" на ЕУ и ќе може да се стекне со поголема предност во однос на земјите-членки на Унијата, и да ја „оживее" Британската Империја.

**Заклучок**

Токму кога на светот му беше потребна силна и просперитетна ЕУ, Обединетото Кралство одлучи да ја напушти Унијата. Британскиот референдум претставуваше еден од најтешките моменти за иднината и опстојувањето на Унијата. Процесите на дезинтеграција се сериозна опасност кои можат да ги елиминираат Европа и Британија како актери од меѓународната сцена. Затоа, многумина беа загриже-

ни за економската стабилност, безбедноста и меѓународниот ангажман на Унијата и на Британија.

Од една страна, Унијата ќе биде ослабена во надворешната политика и безбедносно-воена димензија, затоа што Британија е една од двете најмоќни европски сили и една од највлијателните дипломатски сили во светот. Исто така, таа е водечка земја во светот според меката моќ. Од друга страна, членството во Унијата има повеќе придобивки отколку недостатоци, особено кога станува збор за економските аспекти, трговската поврзаност и интегрираност. Досега Европската Унија им помогнала на одредени земји, меѓу кои и на Британија, да постигнат економски раст и напредок во повеќе области. Сметаме дека и понатаму ЕУ и Британија ќе бидат партнери, а не конкуренти. Стратегиското партнерство помеѓу Големата тројка во сферата на безбедноста и одбраната ќе продолжи и во периодот по Брегзит. Поради економската, безбедносната и воената моќ, Британија би можела да добие сличен договор како што имаат Норвешка или Швајцарија. Во споредба со европските земји (освен Франција), Британија е глобална сила која имала перманентен меѓународен ангажман во бројни мисии на ООН, НАТО и ЕУ. Поради тоа ќе биде принудена да го обнови сопствениот кредибилитет надвор од ЕУ, а со тоа и да преземе одговорност за зачувување на регионалната и глобалната безбедност.

**Литература**

Article 50 TEU: Withdrawal of a Member State from the EU (2016). European Parliament. Available at: http://www.europarl.europa.eu/thinktank/en/document.html? reference = EPRS_BRI%282016%29577971 [Accessed 21 March 2018].

Ayrault, J.M. and Steinmeier, F.W. (2016). *A strong Europe in a world of uncertainties* Available at: https://www.voltairenet.org/IMG/pdf/DokumentUE-2.pdf [Accessed 25 January 2018].

Barker, A. (2017). *The €60 billion Brexit bill : How to disentangle Britain from the EU budget.* Centre for European Reform. Available at: http://www.cer.eu/sites/default /files/pb _barker_brexit_bill_3feb17.pdf [Accessed 3 April 2018].

Briancon, P. (2016). "Brexit or not, France and Britain deepen military alliance".*Politico.* Available at: https://www.politico.eu/article/brexit-or-not-france-and-britain-deepen-military-alliance-lancaster-treaties-defense-david-cameron-nicolas sarkozy/ [Accessed 16 November 2016].

Cullen, T. (2016). "May's Brexit Plan: Strategies for Leaving the EU". *Foreign Affairs.* Available at: https://www.foreignaffairs.com/articles/united-kingdom/2016-08 -19/mays-brexit-plan [Accessed 8 November 2016].

Dearden, L. (2017)."Hate-crime reports rise by almost a third in year as Home Office figures illustrate EU-referendum spike". *Independent.* Available at: https://www independent.co.uk/news/uk/crime/hate-crimes-eu-referendum-spike-brexit-terror-attacks-police-home-office-europeans-xenophobia-a8004716.html [Ac cessed 20 April 2018].

European Commission (2017). "Joint report from the negotiators of the European Union and the United Kingdom Government". (2017). Available at: https://ec.europa.eu/commission/sites/beta-political/files/joint_report.pdf [Accessed 16 February 2018].

European Union (2016). "A Global Strategy for the European Union's Foreign and Security Policy: "Shared Vision, Common Action: A Stronger Europe". (2016). Available at: http:// europa.eu/globalstrategy/en [Accessed 4 June 2017].

EU-NATO joint declaration (2016). European Council - Council of the European Union. Warsaw. Available at: http://www.consilium.europa.eu/media/21481/nato-eu-declaration-8-july-en-final.pdf [Accessed 7 March 2017].

Гоцевски, Т., Бакрески, О., и Славески, С. (2007). *Европската унија низ призмата на европската безбедност.* Скопје: Филозофски факултет.

Hunt, A. and Wheeler, B. (2018). "Brexit: All you need to know about the UK leaving the EU". *BBC News.* Available at: http://www.bbc.com/news/uk-politics-32810887 [Accessed 18 April 2018].

Irwin, G. (2015). *BREXIT:The impact on the UK and the EU* . London: Global Counsel Available at: https://www.global-counsel.co.uk/sites/default/files/special-repo-

rts/downloads/Global %20 Counsel _Impact_of_Brexit.pdf[Accessed 26 November 2017].

Lehne, S. (2012). *The Big Three in EU Foreign Policy.*[online] Available at : http://carnegie-europe .eu/publications/?fa=48759# [Accessed 10 Sep. 2015].

McLean, I. (1996). *The concise Oxford dictionary of politics*. Oxford: Oxford University Press.

National Security Strategy and Strategic Defence and Security Review (2015). HM Government. Available at: https://assets.publishing.service.gov.uk/government /uploadssystem/uploads/attachment_data/file/555607/2015_Strategic_Defence_an _Security_Review.pdf [Accessed 4 July 2016].

Pax Britannica (2018). International Encyclopedia of the Social Sciences. Available at: http://www.encyclopedia.com/social-sciences/applied-and-social-sciences-magazines /pax-britannica. [Accessed 11 April 2018].

Reeve, R. and Street, T.(2016).“ Brexit: Whither UK Defence and Foreign Policy?” Oxford Research Group. Available at: http://www.oxfordresearchgroup.org.uk/publications/briefing_papers_and_reports/brexit_whither_uk_defence_and_ foreign _policy [Accessed 11 March 2018].

Rutter Pooley, C. (2017). “UK hate crime figures spike after Brexit referendum, terror attack”. *The Financial Times*. Available at: https://www.ft.com/content/6ecbde7a-800a-31e8-9b12-1ce7f6897c4b [Accessed 13 April 2018].

The Commonwealth (2018). About us. Available at: http://thecommonwealth.org/about-us [Accessed 23 April 2018].

“Theresa May under pressure over Trident missile test” (2017). *BBC News*. Available at: http:// www.bbc.com/news/uk-38711418 [Accessed 24 April 2018].

Thatcher, M. (2002). *Statecraft*. New York. Harper Collins Publishers.

The SIPRI Military Expenditure Data base (2011). Stockholm International Peace Research Institute. Available at: http://www.sipri.org/databases/milex/.

Treaty between the United Kingdom of Great Britain and Northern Ireland and the French Republic for Defence and Security Co-operation (2010). London. Crown. Available at: https://assets.publishing.service.gov.uk/government /uploads/system/uploads/attachment_data/file/238153/8174.pdf. [Accessed 4 February 2018].

UK Defence in Numbers (2017). The Ministry of Defence UK. Available at: https://www.gov.uk/government/publications/uk-defence-in-numbers-2017.[Accessed 17 March 2018].

“UK – French defence cooperation reaffirmed on fifth anniversary of Lancaster House Agreement” (2015). Ministry of Defence. Available at: https://www.gov.uk/ government/news/uk-french-defence-cooperation-reaffirmed-on-fifth-anniversary-of-lancaster-house-agreement [Accessed 16 November 2016].

Veness, D. et al. (2016). "What are the Security and Resilience Implications of Brexit?" *London First*. Available at: http://londonfirst.co.uk/wp-content/uploads/2013/05/What-are-the-Security-and-Resilience-Implications-of-Brexit.FINAL [Accessed 8 January 2018].